**Онлајн настан на тема: Презентација на новинарски идеи за повикот за „Новинарски партнерства 2026“**

**Датум: 11 декември 2025 година**
**Време: 14:00 – 15:30 ч. (по средноевропско време)**

Канцелариите на Креативна Европа од тринаесет земји ве поканувaат на **онлајн настан на кој ќе бидат презентирани новинарски идеи**, со цел заинтересираните медиумски организации и други релевантни чинители да пронајдат партнери и да се вклучат во проектни предлози за претстојниот повик за **„Новинарски партнерства 2026“** (со краен рок за аплицирање: 4 февруари 2026 година).

Целта на овој повик е да се поттикне соработка и иновативни активности што ги поддржуваат разновидноста, независноста и плурализмот на медиумскиот простор, како и медиумската писменост, со истовремено јакнење на слободата на уметничкото изразување, меѓукултурниот дијалог и општествената инклузија. Приоритет е поддршката на активности што им помагаат на медиумите да се приспособат на структурните и технолошките промени, особено во дигиталната средина.

**Повикот опфаќа две теми:** (1) **Новинарски партнерства – соработка** и (2) **Новинарски партнерства – плурализам**

**Пријави го своето учество на настанот:**

За да учествувате, регистрирајте се најдоцна до **10 декември 2025 година, 18:00 часот,** преку следниот линк:

https://europacriativa-eu.zoom.us/webinar/register/WN_UXTZtDMSS0OXisksAhJTHw#/registration

Сите пријавени учесници ќе добијат Zoom-линк еден ден пред настанот. Настанот ќе биде снимен, а работниот јазик е англиски.

**Програма на настанот**

**Прв дел: Презентација на проектни идеи (Pitching)**

- Секоја презентација ќе трае до 5 минути
- Потоа следуваат 2 – 3 минути за прашања и одговори

**Втор дел: Вмрежување (Networking)**

- Учесниците ќе можат да се поврзат со организациите кои ги презентираат своите идеи преку виртуелни соби
- Овој дел ќе овозможи размена на искуства, идеи и воспоставување потенцијални партнерства.